# МАЗЕВ
петар

genesis

ЛУБАРДА
Петар

*Петар* **МАЗЕВ** / *Петар* **ЛУБАРДА**

G e n e s i s

Музејот на современата уметност Скопје  му изразува голема  благодарност на семејството Мазеви
за разбирањето, соработката и позајмувањето  на дел од експонатите за изложбата

*Петар* **МАЗЕВ** / *Петар* **ЛУБАРДА**
*Petar* **MAZEV** / *Petar* **LUBARDA**

G e n e s i s

Genesis

GENESIS
Конвергенција на блискости
и разлики во сликарството на
Петар Мазев и Петар Лубарда
(од збирките на
Музејот на современата уметност, Скопје)

Музеј на современата уметност, Скопје
Museum of Contemporary Art, Skopje, Macedonia

22 april - 17 maj 1998

*Во едно разместување на делата во постојаната поставка на Музејот на современата уметност, македонскиот сликар Петар Мазев (р.1927) го најде својот пандан во црногорскиот сликар Петар Лубарда (р.1907). Оваа (не)случајна средба го предизвика моето натамошно истражување на причините за визуелната компатибилност на ракописите. Што е тоа заедничко што ги зближува воопшто и посебно во иконографската и иконолошката структура на сликата, без да ја повреди аурата на нивната ликовна автономност? Кои се разликите во сличноста? Низ премините на релацијата блискост - разлика го барав онтолошкото тело на самостојноста на секој автор одделно.*
*Темата на генезата е земена како основна линија на врзување, во функција на метафора на раѓањето на сликата и на светот во неа.*
*Користени се делата од збирките на Музејот на современата уметност (Музејот има вкупно 52 дела од Лубарда, 24 дела од Мазев), со исклучок на неколку слики во сопственост на семејството на Мазев. Изборот ги апстрахира генерациските разлики и различното време на создавање на делата: одлучувачки фактор е самата слика усогласена со предложениот тематски контекст.*

**Genesis**

"Земјата беше пуста и празна...
Господ направи свод и го нарече небо...
Копното го нарече земја...
Создаде разновидни живи суштества...
Според своја лика го создаде човекот..."

*Од првиот извештај за создавањето*

"Кога делото е снажно, не изгледа како успешна или невешта имитација на природата; напротив, како природата да го подражува уметничкото дело"

*Оскар Вајлд*

Творештвата на Мазев и Лубарда, пред сé, се допираат во генеративните пориви особени за модернизмот: опфаќање на непознатото, искажување на некажаното, овозможување на невозможното. Нивната примарна возбуда се претвора во драма со објект сведен на прашања од универзален карактер, на all over поглед. Светот - постоечкиот и ликовниот - го гледаат in extensio. Како господари на себе, Мазев и Лубарда се обложуваат на сопственото тело со кое сликаат, на ослободените страсти и отворениот темперамент, за да ѝ го овозможат патот на екстазата.
Интуицијата претопена во експресија за единствена дестинација го има не-лимитираното време во бескрајноста на универзумот - во поимот на "отворената инфлација".

Лубарда, во почетокот на педесеттите во Србија или Црна Гора, Мазев во мугрите на шеесеттите во Македонија, извршуваат родоначалничка мисија како сликари-модели во контекстот на национално означените уметности.
Културно-историското и естетското дејствување на двајцата доживува голема експанзија, со ехо подалеку од територијата на некогашна Југославија. Жан Касу (Jean Cassou), Ањес Имбер (Agnes Humbert), Џулио К. Арган (Giulio C.Argan), Херберт Рид (Herbert Read) и др. пишуваат за Лубарда, а за Мазев: Ги Велен (Guy Weellen), Анри-Гали Карл (Henri Gally Carles), Џанкарло Полити (Giancarlo Politi) и Џон Расел (John Russell).
Поводот за нивното драматично чувствување на светот како целина е во корелација со географските, социјалните, политичките и културните слоеви на местото на потеклото. Судбинското, како иницијален мотив, се развлекува понатаму во епска широчина, во која повишеното доживување на природата и човекот станува суштествен универзален сигнум.

Еден од тие почетни импулси е афинитетот за Византија. Лубарда како и Мазев ги обиколува црквите и манастирите во Македонија, го апсорбира духовното зрачење од фреските и иконите на анонимните и познатите мајстори. Подоцна, во посното ткиво и разранетата структура на нивните ликовни записи ќе се одрази избледеното писмо на визуелната традиција, прекршена низ визурите на стените од пејзажот и на al fresco исликаниот малтер во божјите храмови.

Во тоа испреплетување на времиња, простори и искази не е можна чистата облична сушност. Спојувањето на световите и појавите ја оневозможува јасната дистинкција, зашто националното навлегло во универзалното. Двојствата меѓу некогаш и сега се помируваат, како што омекнува разликата меѓу митското и стварното, како што и постоењето се обрабува со контурата на исчезнувањето. Процесот на изедначувањето на дихотомиите е симултан на разградувањето на сликата на реалниот свет. Конкретното се заменува со глобалната визија (алузија, асоцијација,

сугестија), односно со разнесуштествувањето на сликата-претстава. *Нештото* (претставувачкото) го губи ентитетот, станува *ништоштво* (непретставувачко) или во најдобар случај постои само на ниво на трага, сенка или симбол.

Мазев и Лубарда се експлицитни примери за банализација на поделбите меѓу предметноста и не-предметноста во уметничкиот исказ. Наизменичната и постојана транзиција од фигурација во апстракција и обратно, се сведува на поништен дуалитет или на експресионизам на боја (материја), линија и форма (гест). Доколку може да се формулира нивната "стилска" насока, би го сугерирала терминот апстрактен пејзажизам или асоцијативен експресионизам. Недоволноста на оваа категоризација не ја спречува очевидноста на "плитката" слика, отсуството на средиште, неприкосновеното царство на дематеријализарачкиот акт и ефект. Физичката доблест на материјалот од тој момент трансферира во отадестраното: се отсликува на платното како божествен исечок .

Емпириските форми во насликаната појава стануваат симболички, ја менуваат семантичката структура. Актот на онеобичувањето како оддалечување од познатото, е услов без кој е невозможно да се изведе супстантивниот премин во раѓањето на новото. Поетиката на отсутната реалност за Мазев и Лубарда е почеток на новата генеза на светот во сликата.

Треба да се нагласи дека во овој случај поимот на неконкретноста не е мислен како исклучива категорија. Напротив, транспарентноста на параванот поставен меѓу полињата на видливото и невидливото, дозволува погледи од двете страни. Асоцијативното (ако може да ги наречеме така флуидните претстави што ги лови окото), слоевитата симболика на боите и "облиците" со сугестивната сила на самите наслови на делата, го олеснуваат процесот на читањето. Големата тема на создавањето, за којашто стана збор, кај Лубарда почнува во средината на педесеттите, кај Мазев десет години подоцна. Обајцата се свртени кон "пејзажот" како аморфен предел во кој , по големата експлозија почнува да се создава пра-материјата. Анорганскиот аспект на земјата (Лубарда: *Стена* 1954, *Огон* 1958, *Пејзаж* 1960, *Сонце* 1963; Мазев: *Пејзаж* 1962, *Композиција* 1962, *Изгорен пејзаж* 1963, *Композиција I* 1965) се концентрира на пастелниот, изгаснат колорит (нијанси на умбри, на сиво, црно или бело, со деликатни акценти на зелено и црвено), на зрнестата фактура, на енформелската структура на сликарската материја и на отсуството на реални конотации. Инсистирањето на грубоста и елементарноста, било да е бојата доведена до огледална измазнетост (Лубарда) или до тактилна пастуозност (Мазев), големата енергија на создавањето сака да се мери со силата на пра-експлозијата ("кога земјата била пуста и празна...")[1]

Во втората фаза на генезата ("кога од земјата поникнува зелена трева што се осеменува...")[2] , Лубарда ги населува сликите со интензивно обоени црвени и зелени чудовишта (*Огнен змеј* 1966, *Жар птица* 1963, *Зелен змеј* 1965), измазнети до совршенство како фосилни претстави ставени под стаклото на праисторијата. Кон крајот на истите шеесетти, Мазев ја заситува сликата со пантеистички штимунг: златни, розови, сини или зелени гроздови на сликарска материја ја прославуваат растителната и анималната cornucopia (*Зуј во Раштена* 1968, *Син флуид* 1969, *Медитеран* 1969, *Црвена арабеска* 1972). Симболиката на боите и кај двајцата е во контекстот на "нарацијата".

Во третата фаза[3] , по потопот и по спречената градба на Вавилон, и во делата на овие сликари како да се случува пост-вавилонски хаос ("ајде да им ги измешаме јазиците, еден на друг говорот да не си го разбираат")[4]. Сликите на Лубарда: *Косовска битка* (1953), *Медитеран II* (1952), *Корида III* (1955) сознателно го манифестираат меѓучовечкиот судир , лудилото на *Герника* и хипостазата на страстите на едно широко општествено рамниште. *Жена* (1972), *Ева и Адам* (1980), *Крвав ќилим* (1971), *Мазохизам* (1980), *Курбан* (1978) на Петар Мазев отвораат расправа за судирите на личен план низ дихотомиите живот-смрт, љубов-омраза. Како антитеза на сиво-белите - плошни композиции на Лубарда, овие пастуозни слики го разгоруваат егоизмот на бојата до крешчендо (во духот на припадниците на групата COBRA). Сликани со прсти, со цела рака, со четки како метли или со целото тело тие, колективниот дух на војните кај Лубарда го заменуваат со многу нагласена лична психичка и физиолошка напнатост. Дообликувањето на генезата кај Мазев се манифестира како непомирлив грч директно откорнат од интимата. Кај Лубарда личната траума и онаа на неговиот народ се преплетени во еден јазол.

И двајцата од две можни решенија го избираат понеповолното: борба наместо тишина, неочевидно наместо јасно. Генезата што ја предлагаат Мазев и Лубарда во all over сликите е проширување на хоризонтот во недоглед и продолжување на траењето за секогаш. Тоа може да се доведе во релација со теоријата за "отворената инфлација" на Стивен Хокинг - еден од најголемите денешни научници. Таа настојува да докаже дека "времето нема никогаш да заврши...универзумот се проширува до бесконечност и нема да доживее колапс во "големиот тресок", како што сугерираат други космолози"[5]

*Каменот на мудроста во класичната алхемија е црвениот прав - циноберот- кој ја овозможува трансмутацијата на телесен, душевен и спиритуелен план. Црвениот град на Мазев и Црвената композиција на Лубарда, се две црвени апстрактни слики, создадени во истата 1961 година. Идентичноста на бојата и годината во која се направени, блискоста на ликовниот исказ и сличноста во насловите на делата, како софпаѓање или случајност(? ), се предизвик за натамошно проучување на конвергенциите во творештвата на Мазев и Лубарда.*

***Соња Абаџиева***

[1] Stvaranje sveta, Prvi izveštaj o stvaranju. In: Biblija, - Stari i novi zavet, Knjiga postanka, Stvarnost, Zagreb, 1968, str.1
[2] Ibid.
[9] Фазите на оваа хипотетичка генеза не се софпаѓаат со еволуцијата на сликарството на Мазев и Лубарда
[4] Stvaranje sveta, Prvi izveštaj, str.3
[5] Хокинг ја одгатна најголемата мистерија на универзумот.Во: Нова Македонија, Скопје, 25.II 1998, стр.7 (пренесено од Sunday Times)

*Петар* **МАЗЕВ**

Genesis

***Композиција I,* 1965,**
комбинирана техника на панел,
88/110, инв. број Р.3. 4





***Црвена арабеска,* 1972,** масло и акрилик на платно, 185/134, инв. број Р.З. 104



***Жена*, 1972,**
масло и акрилик на платно,
157/85, инв. број 2354

***Птица во мојот двор, 1982,*** масло на платно, 100/100





***Адам и Ева,* 1980,** масло на платно, 200/130, инв. број Р.З. 235

*Петар* **ЛУБАРДА**

Genesis

***Пејсаж,* 1960,** масло на платно, 100/81, инв. број 80






***Огон*, 1958,**
масло на платно,
120/147, 5, инв. број 946

***Зелен змеј,* 1965,**
масло на платно каширано на лесонит,
100/200, инв. број 953






***Корида III*, 1955,** масло на платно, 130/192, инв. број 949




***Медитеран II, 1952,***
масло на платно,
112/146, инв. број 950

**Каталог на изложени дела:**

ПЕТАР МАЗЕВ

*Изгорен пејзаж,* 1963,комбинирана техника на панел, 48/120,
сопственост на Уметничка галерија , Скопје (инв.бр. 717)
*Презреано жито*, 1965, комбинирана техника на панел,
122/170,инв.број 1208
*Манастирски пејзаж,* 1965, комбинирана техника на панел, 105/121, инв.бр.Р.З.3
*Композиција I*, 1965, комбинирана техника на панел,
88/110, инв.број Р.З. 4
*Син флуид*, 1969, масло на платно, 171/135
Медитеран, 1970, масло на платно, 169/134
*Револт (Крвав ќилим),* 1971, масло на платно, 133/218, инв.бр.1983
*Црвена арабеска*, 1972, масло и акрилик на платно, 185/134, инв.бр. Р.З.104
*Жена*, 1972, масло и акрилик на платно, 157/85, инв.бр.2354
*Црна арабеска*, 1973, масло на платно, 134/110, инв.број 3770
*Курбан*, 1978, масло на платно, 130/226, инв.бр. Р.З. 276
*Ева на плажа*, 1979, масло на платно, 125/91
сопственост на семејството Мазеви
*Адам и Ева*, 1980, масло на платно, 200/130, инв.бр. Р.З. 235
*Птица во мојот двор*, 1982, масло на платно, 100/100
сопственост на семејството Мазеви
*Куртизана*, 1983, масло на платно, 100/100
сопственост на семејството Мазеви
*Женски портрет во розово*, 1987, масло на платно и колаж,
140/197, инв.бр. Р.З. 543
*Во чест на син ми Коце*, 1990, масло на платно, 130/101
сопственост на семејството Мазеви
*Без наслов (Дојран),* 1993, масло на платно, 115/115
сопственост на семејството Мазеви

ПЕТАР ЛУБАРДА

*Медитеран II*, 1952, масло на платно, 112/146, инв.бр. 950
*Косовска битка*, 1953, масло на платно, 142/190, инв.бр. 948
*Стени,* 1954, масло на лесонит, 105/78, инв.бр.951
*Корида III*, 1955, масло на платно, 130/192, инв.бр. 949
*Огон,* 1958, масло на платно, 120/147,5, инв.бр. 946
*Во просторот*, 1960, масло на платно каширано на лесонит,
100/161, инв.бр. 947
*Стена*, 1960(?), масло на платно, 81/56, инв.бр.66
*Пејзаж,* 1960, масло на платно, 100/81, инв.бр.80
Студија за “*Пат во космосот*”,1960, масло на платно, 21/58, инв.број 87
*Стара тврдина*, 1960, масло на лесонит, 81/100, инв.број 79
*Огнен змеј*, 1962-63, масло на платно, 82/124, инв.број 82
*Есенски пејзаж,* 1963, масло на платно, 97/115, инв.број 81
*Камен бик,* 1963, масло на лесонит, 46/55, инв.број 90
*Сонце II,* 1963, масло на платно, 130/162, инв.број 85
*Индиска ноќ,* 1963, масло на платно, 65/128, инв.број 84
*Венецијански мотив*, 1963, масло на платно, 46/55, инв.број 72
*Зелен змеј*, 1965, масло на платно каширано на лесонит,
100/200, инв.број 953

**ПЕТАР МАЗЕВ**

Роден 1927 во Кавдарци , починал 1993 во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности 1953 во Белград во класата на проф. Зора Петровиќ. Истата година станува член на ДЛУМ и почнува со излагање на групни и самостојни изложби.
Студиски престојува во повеќе европски земји. 1959. станува професор на Архитектонскиот факултет во Скопје а 1980. избран е за професор на новооснованот Факултет за ликовни уметности во Скопје каде што останува се до пензионирање-то.

**Самостојни изложби:**

1958 - Скопје, Дом на културата на СВР ( со Д.Аврамовски - Гуте )
1959 - Скопје, Дом на културата на СВР ( со И. Велков и С.Куноски)
1960 - Скопје, Дом на културата на СВР ( со С. Куноски)
1966 - Скопје, Музеј на современата уметност
1970 - Скопје, Уметничка галерија
1976 - Скопје, Музеј на современата уметност
1981 - Њујорк, Културно - информативен центар на Југославија
1982 - Скопје, Уметничка галерија
- Струга, Струшки вечери на поезијата
- Ниш,Уметничка галерија
1983 - Кавадарци, Хол на салата на ДТВ
- Сараево, Галерија "Роман Петровиќ"
- Загреб, Галерија "Форум"
1984 - Охрид, Хотел "Метропол"
1985 - Скопје, "Љубов во пеколот" Центар за култура и информации
1987 - Врњачка Бања, Културен центар "Замак културе"
- Белград, Галерија "Обреновац", Галерија "Вид" , Галерија Дома омладине
- Струга, Народен музеј
- Скопје, Салон на ДЛУМ
- Скопје, Ателје - Сарај
1988 - Скопје - Галерија "Компас"
1989 - Љубљана - Галерија "Компас"
1990 - Скопје, Музеј на современата уметност, Монографско-ретроспективна изложба
1991 - Струга, Хотел "Дрим"

**Позначајни групни изложби:**

1957 - Милано, Современа југословенска уметност
- Чиле, Бурма, Индија, Кина, Франција,Современа југословенска графика
- Мексико Сити,Museo Nacional de Artes

Plasticas,Современа југословенска графика
1960 - Скопје, I изложба на групата "Мугри"
1961 - Александрија, 4 медитеранско биенале на ликовните уметности
- Белград, I триенале на југословенските ликовни уметности
1963 - Брисел, Galerie d`Egmont, Изложба на уметници од Скопје
- Лозана, Современа југословенска уметност
1964 - Белград, II југословенско триенале на југословенските уметници
- Лондон, Turist Centre of Yugoslavia; Брадфорд, Museum and Art Gallery, Изложба на уметници од Скопје
1965 - Рим, Galleria Penelope, Уметноста во Македонија денес
- Лисоне, Premio Lissone
1966 - Нирнберг , Frankische Galerie; Штудгарт, Stuttgarter Rathaus; Западен Берлин, Шест југословенски уметници
- Торино, Galleria d`Arte Botero, Современа македонска уметност
- Париз, Есенски салон (Salon d`Automne)
1967/68 - Багдат, Бејрут, Триполи, Современа југословенска уметност
1969 - Белград, Музеј савремене уметности; Сараево, Umjetnička galerija; Загреб, Moderna galerija, Современа македонска уметност - сликарство, скулптура, објекти
- Ферара, Chiesa di San Romano, Изложба на македонски уметници
- Фиренца, 19. Меѓународно биенале
1970 - Ним (Франција ), Musee des Beaux Arts; Шел (Франција), Centre Culturel de la ville de Chelles, Десет македонски сликари
1975 - Мексико Сити, Музеј на модерната уметност, Современа југословенска уметност
1976 - Гвадалахара, Сан Луис Потоси ( Мексико), Современа југословенска уметност
1977 - Атина, Ethiniki Pinakotiki - Alexander Soutzos Museum, Современа југословенска уметност
- Париз, Musee d`Art Moderne de la ville de Paris, Современи македонски сликари
1978 - Грац,Neue Galerie am Landesmuseum Joanheum, 16 современи македонски сликари
1979 - Брадфорд, Cartwirght Hall - Museum and Art Gallery, 10 современи македонски сликари
1979/80 - Дубровник, Umjetnička galerija; Сараево, Collegium Artisticum;
Љубљана, Moderna galerija; Белград, Павиљон "Цвијета Зузорик", Приштина, Галерија уметности; Скопје, Музеј на современата уметност, 15 современи македонски ликовни уметници
1980 - Рим, Palazzo delle Espozicione, 15 современи македонски уметници
1985 - Штутгарт, Rathaus, 13 современи македонски уметници
- Сараево, Collegium Artisticum, Поглед на осумдесеттите
- Белград, Музеј савремене уметности, Југословенска графика 1950-1980
1986 - Багдад, Musee des Beaux Arts, Багдадски меѓународен фестивал на уметноста
1987 - Атина, Ethniki Pinakotiki - Alexander Soutzos Museum, Современа југословенска уметост
1989 - Сараево, Skenderija, Југословенска Документа
1990 - Виена, Winer Kunsthefte, Уметници од Југославија,

**Изведени монументални дела:**

1967 - Скопје, Монументална композиција "Човек и железо" во Железарница
1971 - Скопје, Монументален мозаик во Стопанска банка
1974 - Крушево, Монументална керамопластика "Сцена" во Споменикот на НОВ и Илинден
1979 - Велес, Мозаик во ентериерот на Спомен - костурницата на загинатите борци од НОБ во Велес и велешко

**Награди и признанија:**

1959 - Париз, Награда "Сапиро" на изложбата "Младо француско сликарство"
1961 - Скопје, Награда "11 октомври" на СРМ
1965 - Скопје, Награда "13 ноември" на град Скопје
1967 - Скопје, Награда на ДЛУМ "Нерешки мајстори"
- Струга, Награда за сликарство на Салонот на поезијата и сликарството
1981 - Цетиње, Награда "Моша Пијаде" на Ликовниот салон
- Скопје, Награда на ДЛУМ за цртеж "Никола Мартиноски"
- Скопје, Награда за сликарство на 7. Изложба на СДЛУЈ
1987 - Скопје, Награда за сликарство на 42 . изложба на ДЛУМ

**ПЕТАР ЛУБАРДА**

Роден во Љуботиње ( Црна Гора ) 1907., починал во Белград 1974. 1925.се запишува на Уметничката школа во Белград, која ја напушта 1926. и оди во Париз каде, со прекини, останува до 1940. Времето на војната го поминува во германско заробеништво. 1947. оди во Цетиње каде ја основа Уметничката школа, а од 1950. се до смртта, живее и работи во Белград.

**Самостојни изложби:**

1929 - Рим, Casa d`arte Bragalia
1933 - Белград, Француски клуб (Ратнички клуб)
1934 - Белград, Уметнички павиљон
1951 - Белград, Галерија УЛУС
1952 - Париз, Galerie Yougoslavie
1954 - Париз, Galerie Michel Warren
1955 - Лондон, Leicester Galleries
1958 - Титоград, Умјетнички павиљон
1959/60, Љубљана, Mala galerija
1961 - Белград, Галерија Културног центра
1962 - Рим, Galleria Penelope
Белград, Галерија Дома JHA
1963 - Њу Делхи, Azad Bhavan
Ниш, Изложбени павиљон у твргави
Скопје, Работнички универзитет
1964 - Белград, Галерија Дома JHA
1967 - Белград, Музеј савремене уметности
- Скопје, Музеј на современата уметност
1968 - Титоград, Модерна галерија
- Цетиње, Умјетнички музеј СР Црне Горе
- Крагуевац, Народни музеј
- Белград, Културни центар
1969 - Белград, Галерија САНУ
1970 - Сомбор - Галерија културног центра
- Врбас, Дом културе
1971 - Белград, Културни центар
1974 - Скопје, Изожбен салон на Домот на JHA
- Белград, Народни музеј
1977 - Белград, Скадарлија
1979 - Осиек, Galerija likovnih umjetnosti
-Белград, Музеј савремене уметности
1984 - Белград, Музеј савремене уметности ( со Ј. Биелиќ )
1989 - Скопје, Изложбен салон на Домот на JHA
- Херцег Нови, Галерија Јосип - Бепо Бенковиќ

**Позначајни групни изложби:**

1927 - Париз, Salon des Independants
1928 - Париз, Изложба на група југословенски уметници
1937 - Рим, Galerie de Rome, Изложба на современа југословенска уметност
- Париз, Меѓународна изложба на сликарството (Exposition Universelle)
1939 - Хаг, Интернационална изложба на сликарството
1951 - Белград, Уметнички павиљон, Изложба на Самостојните
1953 - Сао Паоло, II Биенале
1953/54 - Атина, Анкара, Истамбул, Дамаск, Бејрут, Каиро, Александрија, Лион,60 дела на модерното југословенско сликарство
1955 - Токио, III Биенале
- Марсеј, Бордо, Нанси, Мец, Цирих, Штутгарт, 6о дела на модерното југословенско сликарство
1958 - Брисел, 50 години на модерната уметност
1960 - Венеција, 30 . Биенале
1961/62, Париз, Musee d`Art Moderne, Современата уметност во Југославија
1962 - Стокхолм, Svea galleriet, Современа југословенска уметност
- Рим, Palazzo delle espositioni, Современа југословенска уметност
1964 - Фиренца, Palazzo Strozzi, II национална изложба на современата уметност
1969 - Белград, Музеј савремене уметности , IV деценија - Експресионизам на бојата - поетски реализам
1971 - Париз, Grand Palais, Сараево, Скендерија, Уметноста на почвата на Југославија од предисторијата до денес
1972 - Брно, Прага, Современо југословенско сликарство

**Награди:**

1937 - Париз, Grand Prix на Светската изложба
1939 - Хаг, I Награда на Интернационалната изложба на сликарството
1948 - Прва сојузна награда на ФНРЈ
1948 и 1949 - Цетиње, Прва републичка награда на НР Црна Гора
1953 - Сао Паоло, Интернационална откупна награда на II Биенале
1955 - Токио, Награда на III Биенале
- Белград Октомвриска награда на град Белград
1956 - Национална награда Guggenheim
1964 - Седмојулска награда на СР Србија
1966 - Награда на АВНОЈ--
1970 - Калкута, Медал на уметничкото здружение Рабиндранат Тагоре
1973 - Виена, Хердерова награда

Музеј на современата уметност, Скопје
Петар Мазев / Петар Лубарда: Genesis
Одговорен уредник:Зоран Петровски
Автор на изложбата и каталог: Соња Абаџиева
Биографии: Соња Панчевска
Ликовно обликување: Стефан Георгиевски
Слајдови (Лубарда и Адам и Ева од Мазев): Роберт Јанкулоски
и фото-документација на МСУ (Мазев)
Печат: Скенпоинт-Лоуренс Костер, Скопје
Тираж: 500

Museum of Contemporary Art, Skopje, Macedonia
Petar Mazev / Petar Lubarda: Genesis
Editor in Chief: Zoran Petrovski
Exhibition curated by: Sonia Abadjieva
Biographies: Sonja Pančevska
Lay-out: Stefan Georgievski
Photo: Robert Jankuloski and MOCA photo-documentation
Printed by: Skenpoint, Lourens Coster, Skopje
500 copies

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

75.036.7(497.17)(06.064)Мазев, П.
75.038(497.11)(06.064)Лубарда, П.

МАЗЕВ, Петар
Genesis : Конвергенција на блискости и разлики во сликарството на Петар Лубарда и Петар Мазев: (од збирката на Музејот на современата уметност, Скопје): Музеј на современата уметност, Скопје 17 април - 17 мај 1998 / Петар Мазев, Петар Лубарда; (автор на изложбата и каталог Соња Абаџиева ; биографии Соња Панчевска; ликовно обликување Стефан Георгиевски; Museum of Contemporary Art, Skopje / Petar Mazev, Petar Lubarda; (exhibition curated by Sonia Abadjieva; -biographies Sonja Pancevska; lay-out Stefan Georgievski; Скопје : Музеј на современата уметност = Скопје : Museum of Contemporary Art, 1998. - 24 стр. : илустр. во боја ; 27 см

Тираж 500

ISBN 9989-703-16-7

1. Лубарда, Петар